CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC



# ПРИЧИНИТЕ И СОСТОЈБАТА СО МИГРАЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ОД ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

## Извештај од истражување

CED since 2006 Center for Education and Development

ILPP

INSoC INSTITUTE FOR SOCIAL CHANGE

# **Причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион**

*Извештај од истражување*

**Издавач:** Здружение Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ)

**Автори:** Гордана Несторовска
Вулнет Зенки

**Дизајн и печатење:** КОНТУРА

**Тираж:** 150

Цивика мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Проектот„Зајакнување на младите: поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот Регион“ е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) и на партнерите, Центарот за едукација и развој (ЦЕД), Теарце, Асоцијација Институт за лидерство и јавна политика и Асоцијација Институт за социјална промена ИнСоК – Тетово и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас и организациите што ја спроведуваат.

# ПРИЧИНИТЕ И СОСТОЈБАТА СО МИГРАЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ОД ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Извештај од истражување

Ноември 2024

# Содржина


**Вовед** 9

**Методологија** 11

**1. Резултати од ориентационите интервјуа** 12

**2. Истражување на перцепциите на младите на возраст од 15-29 години за причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион** 19

**Графикон 1:** Дистрибуција на испитници по пол 19
**Табела 1:** Возраст на испитаниците 20
**Графикон 2:** Етничка припадност на испитаниците 21
**Табела 2:** Етничка и родова структура 21
**Графикон 3:** Кој најчесто заминува од државата 22
**Табела 3:** Кој најчесто заминува од државата - полова и етничка перцепција 23
**Графикон 4:** Заминување од државата според пол 24
**Табела 4:** Заминување од државата според полова и етничка структура 25
**Графикон 5:** Заминување од државата според место на живеење 25
**Табела 5:** Заминување од државата според место на живеење – родова и етничка перцепција 26
**Графикон 6:** Заминување од државата според политичка припадност 27
**Графикон 7:** Заминување од државата според успехот во училиштето 28
**Графикон 8:** Причини за заминување на младите 28
**Табела 6:** Причини за заминување на младите – родова и етничка перцепција 29
**Графикон 9:** Заминување во странство и можност да се најде добра работа 30
**Графикон 10:** Информации каде одат и што ги чека во странство 31
**Графикон 11:** Најчести проблеми во странство 31
**Табела 7:** Најчести проблеми во странство - родова и етничка перспектива 32
**Табела 8:** Квалитет на животот на тие што заминале во странство 33
**Графикон 12:** Што би ги привлекло младите да се вратат дома 34
**Табела 9:** Што би ги привлекло младите да се вратат дома – родова перцепција 34
**Графикон 13:** Услови за враќање на младите во државата 35
**Табела 10:** Услови за враќање на младите во државата – родова и етничка перцепција. 36

**3. Заклучоци за прашалникот** 37

**4. Генерални препораки** 39

**Прилози** 41

# Вовед

Ова истражување е реализирано во рамки на проектот „Зајакнување на младите: поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот Регион“. Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Општа цел на проектот е: Подобрување на општествениот контекст во коишто функционираат младите од Полог особено во врска со свесноста за проблемот со миграцијата, поттикнување на нивен граѓански ангажман и претприемништво.

Проектот е спроведуван од Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ) Гостивар, Центарот за едукација и развој (ЦЕД), Теарце, Асоцијација Институт за лидерство и јавна политика и Асоцијација Институт за социјална промена ИнСоК – Тетово.

Податоците од последниот попис на населението во 2021, посочуваат дека државата има сериозен проблем со младинската емиграција, задржување на младото население и општото стареење на населението. Според пописот во 2002, процентот на млади од вкупниот број на население е 24 проценти, додека во 2021 е 18% – што е пад од 6 проценти. Вкупно 18,2% од младите кои би требало да се појават во бројките од пописот во 2021, односно 77.274 млади, не се повеќе резиденти на Република Северна Македонија, иако се тука родени и евидентирани како живородени[1]. Ова се рефлектира во човечкиот капитал и финансиските загуби кои ги има државата по глава на иселено работоспособно лице.

Причините за зголемената стапка на иселување на младите од Република Северна Македонија се токму недостатокот од соодветно креирани политики за младите во областа на образованието, вработувањето и социјалната заштита, како и ниската функционалност на институциите. Иселувањето, незадоволството, како и недостатокот од комуникација за активно вклучување на младите во демократските процеси се дел од

1 АНАЛИЗА на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година кои се однесуваат на младите достапно на: https://www.wfd.org/sites/default/files/2024-05/Mladi%20na%20popis_so%20finalen%20tekst_02_so%20korekcii.pdf

факторите што влијаат на стагнацијата на социјалниот капитал на младите во нашата земја во текот на последните десет години[2].

Последното истражувањето спроведено од Фондацијата за демократија на Вестминстер од ноември 2021 година, а кое се однесува на „Социо-политичко учество на младите" покажува дека само 13% од младите сметаат дека земјата се движи во правилна насока, а 55% во погрешна. Според истото истражување само 3 од 10 млади сметаат дека за 5 години од денес државата ќе биде многу или делумно подобро место за живеење на младите, а во случај да имаат можност, речиси 6 од 10 млади луѓе би се иселиле од државата.

Миграцијата на младите во Полошкиот регион е сериозен предизвик кој влијае на општествениот и економскиот развој на регионот. Главните причини за миграцијата вклучуваат недостаток на работни можности и професионални предизвици во регионот, како и потрага за подобрени услови за живеење и квалитетно образование во урбаните центри. Ова води кон намалување на работната сила, стареење на населението и намалена активност во заедницата. Мигрирањето на младите може да предизвика дестабилизација на локалната економија и културата, со оставање на регионот без иновативни, млади и енергични кадри.

АДИ во 2022 спроведе истражување за искуството и активностите во коишто се ангажираат младите од Полог[3]. Истражувањето опфати 503 млади, на возраст од 15 до 29 години од општините Гостивар, Врапчиште и Тетово. Според наодите од спроведеното истражување, неизвесната иднина ги тера младите да мигрираат во други, поразвиени земји. Преовладува мотивот да ја напуштат земјата во блиска или подалечна иднина. Чувството на исклученост и ограничени можности за искажување став за локалните потреби е исто така еден од наодите во истражувањето.

Една од препораките во рамки на ова истражување е потребата од поттикнување на младинскиот активизам во Полошкиот регион. Дополнително, граѓанските организации треба да се проактивни во обезбедувањето можности за младите да развиваат критички граѓански пракси преку ангажирање со идеи, вмрежување и искуства што градат индивидуални и колективни способности за унапредување на животот во заедницата. Младите треба да се водечка сила во промените на разни структурни ограничувања во нивните заедници.

2 https://socijalendijalog.mk/wp-content/uploads/2022/08/MKD_NEET-Mapping-and-Policy-Proposals.pdf

3 Истражувањето е достапно на: https://shorturl.at/QNmzG

# МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето ги опфати следните методи: деск истражување, организирање ориентациони интервјуа и креирање соодветен прашалник.

Организирање на ориентациони усмени интервјуа (квалитативна анализа) со релевантни актери во секоја од деветтте општини во Полог со цел добивање на првични наоди и соодветно креирање на инструментот на истражувањето. Ориентационите интервјуа вклучија **5-7 претставници на граѓански организации, со фокус на тие што работат со млади, потоа локални институции, бизнис заедница. Ориентационите интервјуа претставуваа основа за криерање на соодветен прашалник за испитување на ставовите и перцепциите на младите за проблемот со миграцијата**.

Во втората фаза се истражуваше мислењето на над 500 млади од 15-29 години преку он-лајн прашалник дистрибуиран преку социјалните медиуми и средните училишта и факултетите во Полошкиот регион (квантитативна анализа). Целта на истражувањето беше да се разберат перцепциите на младите на возраст од 15-29 години за причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион. Истражувањето беше реализирано во текот на месец октомври 2024 година со млади кои живеат во една од општините: Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово Ростуше, Теарце и Тетово. Покрај демографските податоци за испитаниците, прашалникот имаше 10 прашања притоа имајќи ги предвид и другите карактеристики на испитаниците.

# 1. Резултати од ориентационите интервјуа

За потребите на истражувањето, направена е квалитативна анализа, која вклучува интервјуирање на 44 испитаници од деветте општини од Полошкиот Регион. Возрасната категорија е од 19 до 58 години, а половата структура е изедначена. Испитаниците се од различни професии кои вклучуваат средно и високо образование, бизнис сектор, локална самоуправа и граѓански организации.

На првата низа прашања, Кој според вас, најчесто заминува - *млади по завршување на средно училиште, млади по завршување на студии? Млади од урбани или рурални средини? Момчиња или девојчиња - дали има разлика?,* интервјуираните личности имаат слични ставови.

Имено, општиот заклучок е дека по завршувањето на средно образование, младите се иселуваат за да го продолжат своето образование надвор од државата или во поголемите градови, каде имаат повеќе опции за студирање. Постои и тренд на иселување на младите кои имаат завршено средна стручна спрема, веднаш во потрага по вработување.

Испитаниците сметаат дека можностите за вработување (без разлика дали во странство или во поголемите градови) се поголеми за младите со завршено високо образование, па оттука, тие и почесто се иселуваат од своите родни места. Иселувањето на младите е поевидентно во руралните места, од каде младите се иселуваат во урбаните средини, токму поради поголемиот број можности кои им се нудат, како за образование, така и за вработување.

Ставовите кон родовата перспектива на миграцијата кај младите е поделена, со тоа што некои испитаници се изјаснуваат дека полот не прави никаква разлика, односно дека сите млади подеднакво се иселуваат. Сепак, заклучокот е дека во потрадиционалните средини, од момчињата, односно мажите, се очекува дека треба повеќе да допринесат кон одржување на фамилијата, па оттука и тие почесто се иселуваат во потрага по подобри можности. Во овие средини, девојките, односно жените, не

го чувствуваат тој притисок, но тие пак се иселуваат кога доаѓа момент за обединување со фамилијата.

„Не може да се каже дека повеќе се иселуваат мажи или жени, бидејќи во последно време преселувањето е заедно со семејството. Повеќе заминуваат од руралните средини, но има и од урбаните, поради нефункционирањето на државниот систем. Нема значителна разлика помеѓу мажите и жените."

Во однос на второто прашање - Што според вас е главна причина за заминување на младите од Македонија? (политичко влијание, добро образование, животен стандард и сл.), лесно може да се заклучи дека младите најчесто заминуваат во потрага по подобар квалитет на живот. Постојат низа фактори кои имаат директно влијание врз квалитетот на животот, а од нив можат да се издвојат следните:

Економските фактори се клучни, со што најголем дел од младите заминуваат во потрага по подобри работни можности, бидејќи локалниот пазар на труд нуди ограничени можности и ниски плати. Ова е пропратено со политичкото влијание при вработувањето, политичката нестабилност и поларизацијата, како и корупцијата која владее во сите пори на општеството, со што младите дополнително се демотивираат и не веруваат во фер и праведен пристап. Чувството на недоверба во правниот систем, им создава чувство на несигурност и недоверба за продолжување на нивната професионална кариера во државата.

Дополнително, младите го препознаваат повисокиот квалитет на образование, како и спектарот можности кои се нудат на странските универзитети, пристапот до стипендии и поголеми перспективи при вработувањето по завршување на образованието. Голем дел од младите кои студирале во странство, не се враќаат во Македонија, бидејќи можат лично да ги почувствуваат и искусат можностите за личен развој, препознавањето и вреднувањето на нивните капацитети, слободата на изразување и креирање, но и функционалноста на социо-економските системи во државите каде се образуваат.

Исто така, здравствената заштита и јавните услуги имаат значителна улога во одлуката на младите да мигрираат, вклучувајќи ја инфраструктурата и можностите за поврзување со групи со слични интереси.

Заклучокот е дека сите овие фактори, економско-социјални, политички, правни и образовни влијаат врз квалитетот на животот на младите и во потрага по посигурна средина, каде нивниот труд, компетенции ќе се вреднува и наградува, младите ја носат одлуката да се иселат од својата држава.

> *„Главна причина за заминување е политичкото влијание (во неможност* да најдат и работа ако не се членови на партија политички). Сето тоа влијае на животниот стандард и без никаква сигурност за иднината! Имаме и добро образование, се бараат студенти не само овде туку и во различни делови на светот - само во сопствената земја младите не можат да се докажат!“

Третото прашање - Кои се последиците од заминувањето на младите?, укажува на сериозноста на прашањето на миграцијата и влијанието на овој тренд врз иднината на државата. Заминувањето на младите ќе предизвика длабоки и долгорочни последици врз општеството и целокупната економијата во Македонија. Губењето на човечкиот капитал во комбинација со стареењето на населението ќе влијае врз демографските промени кои ќе имаат голем притисок врз социјално-економскиот систем на државата, а особено ќе се почувствува врз здравствениот и пензискиот систем.

Недостатокот од млади резултира со затворање голем број основни и средни училишта ширум државата, со што квалификуваниот образовен кадар останува без работен ангажман, под принуда за преквалификација. Исто така, бројот на здравствени работници, вклучувајќи ги лицата кои работат во секторот за нега, сериозно е опаднат, а тоа е директен резултат од миграцијата на здравствениот кадар надвор од државата.

Недостатокот на млади во една држава, значи и недостаток од талентирани иноватори и претприемачи, но и недостаток од работна сила генерално, со што се оневозможува исполнувањето на стратегијата за економски раст и развој на државата.

Не се за занемарување и социо-психолошките ефекти врз популацијата која е напуштена од младите, нивните родители и роднини во поодминати години, кои најчесто остануваат сами, без нега од своите најблиски. Неретко овие лица се соочуваат со низа психолошки состојби, како

депресија и чувство на длабока осаменост, а за жал, во државата недостасува институционална поддршка за оваа категорија граѓани.

Исто така, политичко-институционалните последици веќе се чувствуваат, поради недостатокот од млади во демократските процеси и намаленото младинско влијание врз позитивните промени во општеството.

*„Последиците се ужасни, бидејќи ако нема младина, нема иднина. Ова ќе има огромно влијание врз развојот на државата. Постепено, во текот на неколку години, земјата би можела да се претвори во туристичка и сезонска дестинација. Сметам дека економски, оваа земја ќе претрпи сериозни последици.“*

На прашањето Дали има некаков начин младите да се задржат или да се привлечат да се вратат?, одговорите укажуваат на потребата од сеопфатен пристап и спроведување долгорочна стратегија која ќе биде насочена кон оваа проблематика. Имено, воопшто не е едноставно да се врати довербата на младите во функционалноста на системите во државата, а особено не во услови кога тие не функционираат. Оттука, потребен е мулти-секторски координиран пристап со цел да се овозможат подобри можности и иднина која ветува.

Најпрво, потребно е подобрување на економските услови и можности за вработување на младите, преку креирање програми за млади претприемачи, обезбедување финансиска поддршка и даночни олеснувања за стартапи и мали бизниси, со тоа младите ќе се мотивираат да останат и да започнат сопсвени бизниси. Државата треба да поддржи програми и инвестиции во индустрии со висок потенцијал за раст, во сектори како ИТ технологија, енергетика, туризам и креативни индустрии, со цел да се отворат поголем број работни места на овие позиции. Дополнително, потребно е зголемување на бројот на програми кои даваат поддршка на приватниот сектор, за да се ангажираат поголем број млади лица, а платите ќе бидат дополнително мотивирачки за младите. Тоа може да се постигне и преку иницијативи за зголемување на минималните плати и заштита на правата од работниот однос, со цел младите да не бараат подобри економски можности во странство.

Подобрувањето на квалитетот на образованието и поддршката на научно истражувачките дејности од страна на државата е клучно, имајќи

предвид дека образованието мора да е во тесна корелација со моменталната побарувачка на пазарот на трудот. Потребна е промоција на дуална настава (образование базирано на теорија и пракса), каде се неопходни партнерства помеѓу компаниите и образовните институции за креирање програми за студентски пракси. Ваквиот пристап има значително влијание врз понатамошниот развој на младите, со што тие стануваат поконкурентни на пазарот на трудот. Паралелно со овие програми, потребно е да се развијат политики со кои ќе се поддржат младите кои студираат или работат во странство да се вратат и да го применат своето знаење во родната држава, нудејќи поволни услови за работење.

Секако дека се потребни темелни реформи во политичкиот и правниот систем, за да се врати изгубената доверба на младите. Транспарентноста, владеењето на правото и намалувањето на корупцијата ќе создадат средина во која младите ќе имаат доверба во институциите и ќе се чувствуваат дека можат да напредуваат врз основа на меритократија. Потребно е креирање што поголем број платформи за младинско учество во политичките процеси, особено преку инклузивни програми за млади лидери, кои ќе ги мотивира да останат и да придонесат за позитивни промени во земјата.

Државата треба да инвестира и во програми за враќање на младите од дијаспората кои ќе им овозможат на младите привремено да се вратат за работа или студирање, со поддршка за адаптација и интеграција, давајќи им прилика да размислат и одлучат за трајно враќање во родната земја. Ова е возможно преку финансиски и даночни олеснувања за повратниците, промовирање на патриотски и социјални вредности како и создавање позитивен имиџ на Македонија.

Социјално-културниот аспект не смее да се занемари, имајќи на ум дека во последните неколку години има сè помалку културни настани кои ќе овозможат социјализација на младите. Потребна е проактивност од страна на институциите за култура за поголема интеракција со младите и овозможување простори каде ќе можат да ја изразуваат својата креативност.

Дополнително, подобрувањето на здравствените услуги и социјалните програми за млади може да го зголеми нивото на сигурност и задоволство на младите. Одлични примери беа програмите за поддршка на млади семејства, како субвенции за станови или даночни олеснувања за родители, со кои младите дополнително се мотивираат да останат и да

го основаат својот живот во Македонија. Не се исклучуваат и неопходните инвестиции во урбани и рурални инфраструктури, вклучувајќи ги сите јавни услуги за заштита на граѓаните.

Доколку паралелно и темелно се работи на подобрување и унапредување на сите аспекти кои допринесуваат кон целокупниот квалитет на живот, младите ќе бидат позадоволни од средината во која се наоѓаат и потрагата по подобри услови нема да биде со толку силен интензитет.

За сето горенаведено, најпрво потребни се сеопфатни анализи и истражувања, со цел политиките за намалување на миграцијата на младите да се засноваат врз реалната ситуација и потреби, а исто така, да се воспостави задолжителен систем за следење и евалуација на овие политики.

*Национална стратегија која ќе се спроведува во пракса, а не само на хартија, со ревизија и одговорност кон сите „имплементатори“ на фиктивни стратегии кои го доведоа општеството до сегашната состојба.*

*Значи, колку е важно планирањето за иднината, исто толку е потребна и одговорност за минатото!*

*Пример: Ако државата или ЕУ имаат одвоено одредени средства за младите да се образуваат и да отворат бизниси, тогаш преку прецизен ревизорски процес треба да се идентификуваат фиктивните и нереални лица или бизниси кои ја искористиле само улогата на злоупотребувачи.*

На последното прашање Кој *и* што треба да направи - *лично ние, државните институции, бизнис секторот?*, најчестиот одговор е дека потребен е пристапот од горе-надолу, односно дека промените треба да започнат од државните институции. Станува збор за комплексна проблематика, која бара блиска соработка помеѓу бизнисите и државните институции, а оттука потребно е залагање на овие две страни истовремено. Потребни се политики кои ќе ги наложи државата, а ќе бидат согласно моменталните услови и потреби на пазарот на трудот. При нивното креирање, мора да бидат земени предвид и ставовите на младите.

Потребни се поголем број партнерства помеѓу бизнис секторот и образовните институции, преку кои младите ќе бидат практично вклучени,

а со тоа и покомпетентни на пазарот на трудот. За ова, потребни се реформи во образованието, кои ќе поттикнат и инвестирање во развојот на младите кадри од страна на компаниите кои ќе го препознаат потенцијалот кај поединците. Од бизнисите се очекува креирање конкурентни работни места.

Не е исклучена и проактивноста на младите, односно нивното влијание, кое во моментов е помало, врз креирањето подобра иднина и перспектива. Младите треба да се вклучат во локални иницијативи, граѓански здруженија и волонтерски проекти за да придонесат кон позитивни промени во својата средина.

Личниот и професионален развој е клучен за успех за успех на младите и поради тоа, од нив се очекува да вложуваат во усовршување на своите вештини, следејќи ги новите технологии и трендови, со што ќе станат поконкурентни и подготвени за пазарот на трудот.

Корупцијата е еден од клучните фактори и истата мора да се искорени, како и политичките влијанија при вработувањето, кои се најчесто пресудни за иднината на поединците.

*„Бизнис секторот исто така треба да им овозможи на младите, особено на оние од занаетчиските училишта, шанса за работа по завршувањето на образованието. Од друга страна, државните институции треба максимално да работат на обезбедување на подобри животни услови за младите со цел да се намали миграцијата.*

# 2. Истражување на перцепциите на младите на возраст од 15-29 години за причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион

Целта на истражувањето беше да се разберат перцепциите на младите на возраст од 15-29 години за причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион. Прашалникот го одговорија вкупно 504 испитаници од кои 310 (61,5%) девојки и 194 (38,5%) момчиња.




**Графикон 1:** Дистрибуција на испитници по пол

Според возраста, скоро половината од испитаниците (53,4%) се на возраст од 15-17 годишна возраст, односно сè уште во средно образование,

20,8 % се на возраст од 18-20 години, односно во период на завршување на средното училиште и запишување на факултет, 13,6% се на возраст од 21-26 години и 12% се на возраст од 27-29 години. Во сите возрасни групи, освен во групата од 21-23 години над 60% од испитаниците се девојки, а во групата од 21-23 години девојките се застапени само со 40%.

| Возраст на испитаниците | Процентуална застапеност |
|---|---|
| 15-17 | 53,37% |
| 18-20 | 20,83% |
| 21-23 | 6,55% |
| 24-26 | 7,14% |
| 27-29 | 12,10% |

**Табела 1:** Возраст на испитаниците

Имајќи предвид дека најголемата група испитаници се од 15-20 години, 68% од испитаниците учат во средно училиште, околу 15% студираат, 2,2 % завршиле средно образование и не студираат, околу 14% работат и имаме еден испитаник на возраст 27-29 години  кој се изјаснил дека завршил факултет и не работи.

Во однос на  етничката припадност, 51,8% од испитаниците се Албанци и од нив 70% се девојки. Кај Македонците, Србите и Торбешите, бројот на девојки и момчиња што одговориле е скоро ист (процентуалназастапеност), а разлика се забележува и кај Ромите, односно и во оваа група предничат девојките со 67%.

Од тие што работат, 24% се со средно образование, 46% се со високо образование и 30% се со магистерски студии.




**Графикон 2:** Етничка припадност на испитаниците

Во однос на место на живеење, нема голема разлика помеѓу процент на испитаниците кои доаѓаат од градска/урбана средина (56%) и живот во/од село (44%) при што се забележува различна дистрибуција по етничка припадност меѓу испитаниците од град или село. Согласно одговорите, 80% од Македонци и 92% од Ромите живеат во град, за разлика од 36% Албанци и 41% од Турците кои живеат во град. Процентот на женски испитанички кои живеат во град е 53% (женски испитанички од руралните средини се 47%), а од машките испитаници 60% живеат во град, а 40% во село.

| Етничка припадност | вкупно | женски | машки | град | село |
|---|---|---|---|---|---|
| Албанци | 261 | 183 | 78 | 95 | 166 |
| Македонци | 192 | 99 | 93 | 153 | 39 |
| Роми | 24 | 16 | 8 | 22 | 2 |
| Турци | 22 | 10 | 12 | 9 | 13 |
| Срби | 3 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| Торбеши | 2 | 1 | 1 | 0 | 2 |
| Вкупно | 504 | 310 | 194 | 280 | 224 |

**Табела 2:** Етничка и родова структура

# Одговори на младите поврзани со иселувањето

Најголем процент на младите (50,4%) сметаат дека најчесто заминуваат од државата младите по завршување на средното училиште. Следна категорија се младите по завршување на факултет (14,3%) и тие на почеток на работен ангажман (12,10%). Перцепцијата е дека процентот на млади кои се во образовен процес, независно дали во средно или високо образование, поретко ја напуштаат државата. Постојат мали разлики во мислењата на девојките и момчињата. Девојките, во поголем процент од момчињата сметаат дека најголемиот број млади заминуваат по завршување на средно образование (53,8% наспрема 44,8%).




**Графикон 3:** Кој најчесто заминува од државата

Нема поголеми значајни разлики ни помеѓу етничките заедници. Перцепцијата кај Албанците е дека иселувањето започнува порано, односно младите ја напуштаат државата пред да започнат со средно образование, додека Македонците и Ромите сметаат дека процентот на млади кои ја напуштаат државата по завршување на факултет или на почеток на кариера е поголем од просекот.

| Прашање 1- кој најчесто заминува од државата | | девојки | момчиња | Албанци | Македонци | Роми | Турци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А) Млади пред да започнат со средно образование | 10,12% | 9,03% | 11,86% | 13,03% | 5,73% | 4,17% | 22,73% |
| Б) Млади во текот на средношколското образование | 7,34% | 6,77% | 8,25% | 8,43% | 4,69% | 8,33% | 18,18% |
| В) Млади по завршување на средното училиште | 50,40% | 53,87% | 44,85% | 52,87% | 49,48% | 45,83% | 27,27% |
| Г) Млади запишани на факултет | 5,75% | 4,52% | 7,73% | 2,68% | 9,90% | 4,17% | 4,55% |
| Д) Млади по завршување на факултет | 14,29% | 12,90% | 16,49% | 11,49% | 17,71% | 29,17% | 4,55% |
| Ѓ) Млади на почеток на работен ангажман/ кариера | 12,10% | 12,90% | 10,82% | 11,49% | 12,50% | 8,33% | 22,73% |

**Табела 3:** Кој најчесто заминува од државата - полова и етничка перцепција

Пред да прашаме за причините за иселување на младите, поставивме и дополнителни прашања за да ја утврдиме целната група, односно кој почесто се решава да замине од државата. Испитаниците имаа можност да бираат една категорија во следните четири искази:

**А)** девојки/жени или момчиња/мажи




**Графикон 4:** Заминување од државата според пол

Има разлики во мислењето на момчињата и девојките кои одговориле на прашалникот и нивните одговори се разликуваат за околу 5%, односно девојките повеќе препознаваат дека и девојки/жени ја напуштаат државата (13,87% од девојките наспрема 8,25% од момчињата).

Има разлика во одговорите и според етничката припадност. Младите од Албанска етничка припадност во малку поголем процент од просекот сметаат дека момчињата почесто ја напуштаат државата (93,87% од младите Албанци), додека кај момчињата Македонците процентот е 82,29%. Соодветно младите Албанци сметаат дека 6,13% девојки/жени ја напуштаат државата, а младите Македонци сметаат дека од тие што ја напуштаат државата 17,71% се девојки/жени. Ваквите ставови првенствено ги отсликуваат традиционалните вредности, односно притисокот за придонес и товарот кој најчесто паѓа на момчињата.

| Прашање 2.1- кој почесто заминува од државата | | девојки | момчиња | Албанци | Македонци | Роми | Турци | Срби | Торбеши |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| девојки/ жени | 11,71% | 13,87% | 8,25% | 6,13% | 17,71% | 16,67% | 13,64% | 66,67% | 0,00% |
| момчиња/ мажи | 88,29% | 86,13% | 91,75% | 93,87% | 82,29% | 83,33% | 86,36% | 33,33% | 100,00% |

**Табела 4:** Заминување од државата според полова и етничка структура

**Б)** млади од рурална средина или млади од урбана/градска средина




**Графикон 5:** Заминување од државата според место на живеење

Според мислењето на испитаниците, младите од руралните средини малку почесто се определуваат да заминат од државата (околу 55%) во однос на младите од градските/урбани средини (45%). И за ова прашање постојат разлики во мислењата помеѓу одговорите на девојките и момчињата како и одговорите помеѓу различните етнички заедници.

Според податоците прикажани во табелата подолу, девојките кои одговориле на прашалникот сметаат дека е процентот на млади од руралните средини кои заминуваат во однос на процентот на млади од урбани

средини се разликува за 15%, односно дека побројна е миграцијата од руралните средини, додека момчињата сметаат дека соодносот е скоро ист, односно дека нема разлика помеѓу миграцијата на младите од руралните и урбаните средини.

Во однос на етничката припадност, 69% од младите Албанци наспроти 36% од младите Македонци сметаат дека почесто заминуваат младите од руралните средини. Доколку овој податок го споредиме со податоците од табела 2, односно местото на живеење, тогаш може да се заклучи дека младите одговориле согласно информациите кои ги имаат во својата средина на живеење (град или село). Со ова поврзување се потврдува дека во суштина нема разлика помеѓу ставовите на младите од различни етнички заедници за прашањето дали младите од руралните или од урбаните средини почесто се иселуваат.

| **Прашање 2.1- кој почесто заминува од државата** | | **девојки** | **момчиња** | **Албанци** | **Македонци** | **Роми** | **Турци** | **Срби** | **Торбеши** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| млади од рурална средина | 54,76% | 57,42% | 50,52% | 68,97% | 35,94% | 33,33% | 72,73% | 66,67% | 50,00% |
| млади од урбана градска средина | 45,24% | 42,58% | 49,48% | 31,03% | 64,06% | 66,67% | 27,27% | 33,33% | 50,00% |

**Табела 5:** Заминување од државата според место на живеење – родова и етничка перцепција

**В)** млади кои се членови на политичка партија или млади кои не се членови на политичка партија

Младите сметат дека дури 87,10% од тие што заминуваат, не се членови на некоја политичка партија. Во просек, девојките и момчињата исто размислуваат, а има мали разлики во однос на етничката припадност. Кај младите Албанци процентот е 90% а кај младите Македонци 83%.

Ова покажува дека младите се многу свесни за партизацијата на општеството и со ова се потврдуваат наодите и на други истражувања дека младите не сакаат да живеат во држава каде е важно дали си или не член на политичка партија за да имаш одреден статус во општеството.




**Графикон 6:** Заминување од државата според политичка припадност

**Г)** млади кои биле слаби ученици или млади кои биле одлични ученици

Ова прашање беше поставено заради тезата дека најдобрите ја напуштаат државата. Мислењата околу ова прашање се дека скоро подеднакво и тие што биле одлични ученици (52,6%) и тие што биле слаби ученици (47,4%) ја напуштаат државата. Нема значајна разлика помеѓу мислењата на момчињата и девојките, но има разлика во мислењата по основ на етничка припадност. Младите Албанци сметаат дека послабите ученици повеќе ја напуштаат државата (56,7% за слабите ученици и 43,3% за одличните ученици). Младите Македонци имаат спротивно мислење односно дека од тие што ја напуштаат државата 65% се одлични ученици, а 35% од слабите ученици.Мислењата на останатите етнички заедници се околу просекот.




**Графикон 7:** Заминување од државата според успехот во училиштето

На прашањето за причините за заминување на младите беа понудени повеќе опции и младите можеа да изберат максимум три од понудените опции.




**Графикон 8:** Причини за заминување на младите

Младите не сметаат дека причина за заминување се лошите меѓуетнички и меѓучовечки односи. Според испитаниците младите заминуваат за подобар животен стандард (80%) и подобри можности за вработување (околу 78%).

| Кои се причините за заминување на младите | | девојки | момчиња | Албанци | Македонци | Роми | Турци | Срби | Торбеши |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А) подобро образование | 44,25% | 45,81% | 41,75% | 31,03% | 58,85% | 50,00% | 68,18% | 33,33% | 50,00% |
| Б) подобри можности за вработување | 77,78% | 80,97% | 72,68% | 81,61% | 73,96% | 70,83% | 72,73% | 66,67% | 100,00% |
| В) за подобар животен стандард | 79,96% | 82,90% | 75,26% | 82,38% | 79,17% | 87,50% | 50,00% | 66,67% | 100,00% |
| Г) заради партиски притисоци | 19,64% | 15,48% | 26,29% | 18,01% | 22,40% | 12,50% | 22,73% | 33,33% | 0,00% |
| Д) заради лоши меѓуетнички односи | 9,13% | 6,13% | 13,92% | 5,75% | 10,42% | 20,83% | 27,27% | 0,00% | 0,00% |
| Ѓ) заради лоши меѓучовечки односи | 12,10% | 10,00% | 15,46% | 11,49% | 10,42% | 16,67% | 22,73% | 66,67% | 0,00% |
| Е) подобри можности за отварање на сопствен бизнис | 32,54% | 32,26% | 32,99% | 32,18% | 32,29% | 37,50% | 36,36% | 0,00% | 50,00% |
| Ж) лична сигурност и безбедност | 40,48% | 41,61% | 38,66% | 50,57% | 28,65% | 33,33% | 36,36% | 33,33% | 0,00% |

**Табела 6:** Причини за заминување на младите – родова и етничка перцепција

Согласно одговорите, девојките се позагрижени за вработувањето, животниот стандард и личната сигурност и безбедност во однос на момчињата, додека пак момчињата се позагрижени заради партиските притисоци, меѓуетничките и меѓучовечките односи.

Но и покрај тоа што мислењето е дека младите заминуваат заради подобри можности за вработување, сепак испитаниците не се сигурни дека тие што отишле полесно се снаоѓаат да најдат добра работа (47% одговориле со да, 15,6% со не и 37,10% со не знам). 59% од испитаниците сметаат дека дека тие што отишле често се приморани да прифаќаат и работа која не би ја прифатиле во Македонија само за да преживеат. Мислењето не го делат само 12% од младите, а одговориле дека не знаат околу 29% од испитаниците.




**Графикон 9:** Заминување во странство и можност да се најде добра работа

Испитаниците не се баш сигурни и дека тие што заминуваат имаат доволно информации за тоа каде одат и што ги чека. За ова прашање, момчињата се малку по сигурни дека тие што одат знаат каде одат (41,2%) во однос на девојките (35,16%). Во однос на етничката припадност, најуверени дека тие што заминуваат знаат каде одат се Ромите (50%), Турците (41,1%) и Албанците (39,8) а најскептични се Македонците (32,8%).




**Графикон 10:** Информации каде одат и што ги чека во странство

Според мислењето на испитаниците, младите кога ќе заминат во странство најчесто се соочуваат со непознавање на јазикот (87%), непознавање на местото и луѓето (75%), непознавање на системот (58%) и носталгијата кон дома (47%). Дискриминацијата заради културните разлики и непризнавањето на образованието се помали проблеми според испитаниците.




**Графикон 11:** Најчести проблеми во странство

Девојките во многу поголем процент (92,3%) во однос на момчињата (78%) сметаат дека непознавањето на јазикот е проблем. Момчињата се повеќе загрижени од девојките за непознавање на местото (момчиња 80% наспроти 71% од девојчињата) и дискриминацијата заради културните разлики (момчиња со 23% и девојките со 17%).

Согласно податоците, младите Албанци се најносталгични, а Турците најмалку носталгични за дома, (заради малиот број на одговори податоците за Србите и Торбешите не можеме да ги земеме за репрезентативни), Македонците се грижат за непризнавање на дипломите, а Ромите предничат во загриженоста заради непознавање на јазикот, местото и како функционира системот.

| **Прашање 5. Со кои /какви проблеми најчесто се соочуваат младите кога ќе заминат во странство?** | | **девојки** | **момчиња** | **Албанци** | **Македонци** | **Роми** | **Турци** | **Срби** | **Торбеши** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А) непознавање на јазикот | 86,71% | 92,26% | 77,84% | 89,27% | 82,29% | 91,67% | 86,36% | 100,00% | 100,00% |
| Б) непознавање на местото и луѓето | 74,80% | 71,61% | 79,90% | 72,41% | 77,08% | 83,33% | 77,27% | 66,67% | 0,00% |
| В) непознавање на системот како функционира | 58,13% | 57,10% | 59,79% | 56,70% | 59,90% | 66,67% | 54,55% | 33,33% | 50,00% |
| г) дискриминација заради културни разлики, | 19,44% | 17,10% | 23,20% | 18,77% | 19,27% | 25,00% | 22,73% | 33,33% | 0,00% |
| д) непризнавање на образование, | 27,38% | 28,39% | 25,77% | 24,14% | 33,33% | 12,50% | 31,82% | 33,33% | 50,00% |
| ѓ) носталгија по дома | 47,02% | 48,06% | 45,36% | 53,26% | 40,10% | 41,67% | 31,82% | 66,67% | 100,00% |

**Табела 7:** Најчести проблеми во странство - родова и етничка перспектива

Испитаниците го оценуваа и  квалитетот на животот на тие што заминале  во странство со оценки од 1-5, при што 1-Најлошо/најслабо, 2- лошо, 3- неутрално/не знам, 4- добро, 5 најдобро

| Компоненти на оценувањето | Средна оцена |
|---|---|
| Плата која овозможува да живеат од 1-ви до 1ви | 3,44 |
| Помали трошоци за храна | 3,05 |
| Помали трошоци за струја/вода | 3,01 |
| Можат да си дозволат да купат нов автомобил доколку работи само еден во фамилијата | 2,9 |
| Помали трошоци за кирија | 2,65 |
| Побрзи постапки за вадење на лични  документи | 3,03 |
| Организиран транспорт (автобуси/метроа) | 3,7 |
| Подобар здравствен систем | 3,8 |
| Имаат можност да заштедат | 3,4 |
| Имаат повеќе можности за дружење со роднини и пријатели | 2,9 |
| Се чувствуваат сигурни / слободни/почитувани | 3,34 |
| Можат да си дозволат еднаш годишно да одат на одмор на некоја дестинација различна од дома(тука) | 3,5 |
| Посетуваат повеќе културни настани (театар, кино..) | 3,05 |

**Табела 8:** Квалитет на животот на тие што заминале  во странство

Најголема оценка имаат добиено добриот здравствен систем (3,8) и организираниот транспорт (3,7). Во втора група квалитети се можностите за одење на одмор еднаш годишно (3,5), можноста да се заштеди, платата која овозможува живеење за еден месец и чувството на сигурност и слобода. Третата категорија за однесува на трошоците за храна, струја автомобил, постапките за вадење на лични документи и социјалниот и културен живот. Најслаба оцена има добиено трошокот за кирија, односно најголем трошок кој има влијание врз квалитетот на животот.

На прашањето што би ги привлекло младите да се вратат дома, на прво место (71,4 %) излегува креирањето на подоброплатени работни места.




**Графикон 12:** Што би ги привлекло младите да се вратат дома

Постои разлика помеѓу перцепциите на девојките и момчињата.

| **Прашање 9. Што би ги привлекло младите да се вратат дома(во државава)?** | | **девојки** | **момчиња** |
|---|---|---|---|
| А) подобар образовен систем | 45,24% | 45,81% | 44,33% |
| Б) отварање на подобро платени работни позиции | 71,43% | 74,84% | 65,98% |
| В) можности за финансирање за почнување на бизниси | 40,87% | 37,74% | 45,88% |
| Г) намалување на партиските влијанија при вработување | 46,23% | 43,55% | 50,52% |
| Д) подобро здравство | 45,44% | 47,10% | 42,78% |
| Ѓ) подобри патишта/железница/автобуси | 26,98% | 25,48% | 29,38% |

**Табела 9:** Што би ги привлекло младите да се вратат дома – родова перцепција

Девојките сметаат дека подобро платени работни позиции и подобро здравство би ги привлекло младите да се вратат дома, додека момчињата сметаат дека можностите за финансирање за почнување на бизниси,

намалување на партиските влијанија при вработување и подобра инфраструктура би ги привлекло младите да се вратат дома.

На прашањето кој може да направи услови за враќање на младите, 80% од испитаниците сметаат дека тоа може да го направи Владата или министерствата, 60% сметаат дека и општината треба да се вклучи и со околу 30% се родителите и странските претставници во државата, со тоа што повеќе веруваат на родителите (39%), отколку на странските претставништва (31%).




**Графикон 13:** Услови за враќање на младите во државата

Од специфичната анализа излегува дека момчињата малку повеќе во однос на девојките се потпираат на родителите, а во однос на етничката припадност, Македонците и Турците повеќе во однос на другите етнички заедници се потпираат на фамилиите дека можат да превземат нешто за враќање на младите во државата.

| Кој може да направи услови да се вратат младите во државата? | | девојки | момчиња | Албанци | Македонци | Роми | Турци | Срби | Торбеши |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А) Родителите/фамилијата | 39,29% | 36,13% | 44,33% | 36,02% | 42,19% | 37,50% | 59,09% | 33,33% | 0,00% |
| Б) Општината | 60,71% | 61,94% | 58,76% | 58,24% | 63,02% | 58,33% | 63,64% | 100,00% | 100,00% |
| В) Владата/министерствата | 80,56% | 83,23% | 76,29% | 84,67% | 78,65% | 70,83% | 54,55% | 100,00% | 100,00% |
| Г) Странските претставници во државата | 31,55% | 29,03% | 35,57% | 32,95% | 29,17% | 45,83% | 27,27% | 0,00% | 0,00% |

**Табела 10:** Услови за враќање на младите во државата – родова и етничка перцепција.

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ за прашалникот

- Традиционално, ставовите на младите се дека момчињата се под поголем притисок за миграција во потрага по подобри кариерни можности. Младите девојки во однос на ова прашање имаат поинаква перцепција, односно сметаат дека и девојките се иселуваат од своите родни краишта во потрага по поудобен живот.
- Во однос на перцепцијата за миграција од државата од рурални и урбани средини, нема значителна разлика, односно младите го бараат својот пат кон успех надвор од границите на Македонија, без разлика дали живеат во град или на село.
- Партизацијата или политичкото влијание врз кариерниот развој на младите има голема улога врз нивната одлука да мигрираат надвор од државата, каде нивниот капацитет и потенцијал ќе биде препознат и вреднуван. Подеднакво, младите со понисок и повисок постигнат успех во образованието заминуваат од државата, што дополнително го потврдува влијанието на владеачките партии при селекцијата на кандидати и влез во пазарот на труд.
- Младите се изјаснија дека доминантно се иселуваат од државата во потрага по подобар квалитет на живот, подобри услови за вработување и поквалитетно образование. Не секогаш се сигурни дека патот кон постигнување на овие цели е сигурен и лесен и притоа, свесни се дека би прифатиле и нискоквалификувана работа, со цел да ги подмират основните трошоци за живот. Исто така, се соочуваат со низа предизвици, како непознавање на јазикот и средината, културолошки разлики и неприфаќање од заедниците.
- Иако со средна оценка се оценети речиси сите различни аспекти кои влијаат врз квалитетот на животот во странство, сепак младите не лесно се одлучуваат да се вратат во нивната родна земја. Најголемиот дел од испитаниците се изјасниле дека државата треба да понуди подобри услови за вработување и поконкурентни работни места и тоа е клучно за нивното враќање. Дополнително, потребата за стабилен здравствен систем, во коминација со

поквалитетно образование и поддршка на претприемништво, како и намалено партиско влијание врз критериумите за вработување, се дополнителни фактори кои влијаат врз оваа одлука.

- Одговорноста за креирање на горенаведените услови најчесто е препознаена кај државните институции во комбинација со бизнис секторот, што укажува на потребата на координиран мулти-секторски пристап.

# 4. ГЕНЕРАЛНИ ПРЕПОРАКИ

Врз основа на добиените сознанија од спроведената квалитативна и квантитативна анализа, донесени се следните генерални препораки:

Јавни политики - Потребно е да се донесат информирани јавни политики за поддршка на млади, кои се засноваат на реалните потреби на младите, но исто така се во согласност со моменталната побарувачка на пазарот на трудот. За ова да се овозможи, потребна е реформа со која сите јавни политики ќе се засноваат на претходни сеопфатни анализи и истражувања, во кои ќе учествуваат сите клучни чинители, фокусирајќи се на младите. Неизоставен сегмент од јавните политики треба да биде следењето на нивната успешност и нивно континуирано подобрување и приспособување кон реалната состојба. Државните институции ја носат одговорноста за креирањето и спроведувањето на овие политики, но процесот мора да биде транспарентен и консултиран со пошироката јавност.

Партизација и поларизација - Младите имаат голема недоверба во државата, сведочејќи секојдневно ситуации во кои партиското влијание е клучно за селекцијата на кандидати при вработувањето, не само во јавната администрација, туку и во останатите сектори. Тие сметаат дека овој феномен има голем удел во одлуката тие да мигрираат и потребни се механизми кои ќе ги ограничат овие практики.

Корупција и владеење на право - Корупцијата е длабоко вкоренета во сите пори на општеството, а во комбинација со партизацијата, претставува главен демотивирачки фактор за просперитетот на младите во Македонија. Битката со корупцијата не е едноставна и потребни се поригорозни мерки за нејзино намалување и евентуално елиминирање. Владеењето на правото е селективно, што дополнително влијае врз довербата во институциите. Потребни се потранспарентни судски процеси и спроведување на законите.

Образование - Квалитетот на образованието е евидентно опаднат во последните децении, а тоа може да се забележи и од истражувањата

кои се направени на оваа тема. Недостасуваат инвестиции во научно-истражувачка работа и квалитетно спроведување на образовните програми. Дополнително, имајќи го предвид динамичниот и брз технолошки развој, образовните програми треба да бидат прилагодени кон потребите на пазарот на трудот, а за тоа неопходна е блиска соработка со бизнис секторот.

Бизнис сектор - Покрај тесната соработка со образовните исntитуции, во однос на практикантска работа и поддршка за развој на исклучителни поединци, бизнис секторот треба да биде отворен за соработка со државните институции, како при заедничка подготовка на јавните политики (како програми за поддршка за вработување на млади лица), така и при нивна имлементација и евалуација.

Граѓански организации - Граѓанскиот сектор треба да ги вклучува младите во нивните активности, поттикнувајќи нивна проактивност, иницијативи и учество во демократските процеси на државата. Гласот на младите е од круцијално значење за креирање подобри услови за живот.

Здравство и јавни услуги - Квалитетот и достапноста на здравствентите и останатите јавни услуги треба драстично да се подобри, не само за младите да имаат пристап до истите, туку и да ги привлечат како потенцијални работни места во иднина, имајќи го на ум недостатокот од кадар токму во овие сектори.

# Прилози

**Прилог 1:** Прашалник за ориентациони интервјуа

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Возраст | |
| Етничка припадност | |
| Сектор/ институција/фирма/ организација | |
| Кој според вас, најчесто заминува- млади по завршување на средно училиште, млади по завршување на студии Млади од урбани или рурални средини? Момчиња или девојчиња- дали има разлика? | |
| Што според вас е главна причина за заминување на младите од Македонија? (политичко влијание, добро образование, животен стандард.....) | |
| Кои се последиците од заминувањето на младите? | |
| Дали има некаков начин младите да се задржат или да се привлечат да се вратат? | |
| Кој што треба да направи- лично ние, државните институции, бизнис секторот? | |

**Прилог 2:** Прашалник за млади

## Прашалник

За потребите на проектот „Зајакнување на младите: поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот Регион“, спроведуваме истражување за причините и состојбата со миграцијата на младите од Полошкиот регион.

Доколку сте на возраст од 15-29 години и живеете во една од општините: Брвеница, Боговиње, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово Ростуше, Теарце и Тетово.

Ве молиме да издвоите 5 минути од Вашето време и да го одговорите прашалникот.

## Профил на испитаниците

1- Пол:

А) Женски  Б) Машки  В) не сака да одговори

2- Етничка припадност:

А) Македонец/Македонка

Б) Албанец/Албанка

В) Ром/Ромка

Г)Турчин/Турчинка

Д) Србин/Србинка

Ѓ) Влав/Влаинка

Е) Друго________________________________

3- Колку години имате?

А) 15-17

Б) 18-20

В) 21-23

Г) 24-26

Д) 27-29

4- Каде живеете

А) село Б) град

5- Вашиот образовен статус

А) учам во средно државно училиште

Б) учам во средно приватно училиште

В) студирам на државен факултет

Г) студирам на приватен факултет

Д) имам завршено средно образование но не студирам (невработен/а)

Ѓ) работам

Е) друго (ве молиме допишете).............

5.1. Доколку избравте „работам", ве молам наведете го најголемиот степен на образование

А) средно образование Б) високо/факултет В) магистратура

# ПРАШАЛНИК

1. Според вас, кој најчесто заминува од државата?

   А) Млади пред да започнат со средно образование

   Б) Млади во текот на средношколското образование

   В) Млади по завршување на средното училиште

   Г) Млади запишани на факултет

   Д) Млади по завршување на факултет

   Ѓ) Млади на почеток на работен ангажман/кариера

2. Според вас, кој почесто се решава да замине од државата?

   А) девојки/жени или момчиња/мажи

   Б) млади од рурална средина или млади од урбана/градска средина

   В) млади кои се членови на политичка партија или млади кои не се членови на политичка партија

   Г) млади кои биле слаби ученици или млади кои биле одлични ученици

3. Според вас, кои се причините за заминување на младите

   А) подобро образование

   Б) подобри можности за вработување

   В) за подобар животен стандард

   Г) заради партиски притисоци

   Д) заради лоши меѓуетнички односи

   Ѓ) заради лоши меѓучовечки односи

   Е) подобри можности за отварање на сопствен бизнис

   Ж) лична сигурност и безбедност

   З) друго (ве молиме допишете)......................................

4. Дали мислите дека тие што заминуваат имаат доволно информации каде одат и што ги чека?

   А) ДА Б) Не В) не знам

5. Со кои /какви проблеми најчесто се соочуваат младите кога ќе заминат во странство?

   А) непознавање на јазикот,

   Б) непознавање на местото и луѓето

   В) непознавање на системот како функционира

   Г) дискриминација заради културни разлики,

   Д) непризнавање на образование,

   Ѓ) носталгија по дома

   Е) друго (ве молиме допишете)..........................

6. Дали мислите дека тие што отишле во странство полесно се снаоѓаат да најдат добра работа?

   А) ДА Б) Не В) не знам

7. Дали мислите дека тие што отишле често се приморани да прифаќаат и работа која не би ја прифатиле во Македонија само за да преживеат?

   А) ДА Б) Не В) не знам

8. Како од 1-5 би го оцениле нивниот квалитет на живот во странство

(1- Најлошо/најслабо, 2- лошо, 3- неутрално/не знам, 4- добро, 5 најдобро)

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|---|
| Плата која овозможува да живеат од 1-ви до 1ви | | | | | |
| Помали трошоци за храна | | | | | |
| Помали трошоци за струја/вода | | | | | |
| Можат да си дозволат да купат нов автомобил доколку работи само еден во фамилијата | | | | | |
| Помали трошоци за кирија | | | | | |
| Побрзи постапки за вадење на лични документи | | | | | |
| Организиран транспорт (автобуси/метроа) | | | | | |
| Подобар здравствен систем | | | | | |
| Имаат можност да заштедат | | | | | |
| Имаат повеќе можности за дружење со роднини и пријатели | | | | | |
| Се чувствуваат сигурни / слободни/почитувани | | | | | |
| Можат да си дозволат еднаш годишно да одат на одмор на некоја дестинација различна од дома(тука) | | | | | |
| Посетуваат повеќе културни настани (театар, кино..) | | | | | |

9. Што мислите, што би ги привлекло младите да се вратат дома(во државава)?

   А) подобар образовен систем

   Б) отварање на подоброплатени работни позиции

   В) можности за финансирање за почнување на бизниси

   Г) намалување на партиските влијанија при вработување

   Д) подобро здравство

   Ѓ) подобри патишта/железница/автобуси

   Е) друго (ве молиме допишете)........

10. Кој може да направи услови да се вратат младите во државата?

   А) родителите/фамилијата

   Б) општината

   В) Владата/министерствата

   Г) странските претставници во државата